## N4100PRO NAS-серверот ја доби наградата Big Bruin Highly Recommended



Thecus N4100PRO NAS-серверот, заслужено ја доби наградата од Big Bruin, Big Bruin Highly Recommended. Со своите дополнителни USB-портови дозволува додавање разни периферни уреди, како опционални екстерни хард-дискови, печатачи, дури и веб-камери. Со своите два Giga Lan портови, серверот е двојно осигуран од евентуален дефект на едниот порт, со што е секогаш достапен на мрежата. Дополнителни благодати се и вклучените iTunes, печатач и веб-камера сервери и можноста да ги објавите своите датотеки на интернет со минимален труд.

## YouTube организираше тркалезна маса за интероперабилност со отворениот софтвер

На 17 февруари, со почеток во 10.30 часот во Бизнис-центарот на Скопски саем, се одвиваше третата тркалезна маса на тема „Интероперабилност: предизвици и можности" во организација на Microsoft. Настанот го модерираше Andreas Bert - Regional Technology Officer за централна и источна Европа на Microsoft.

Главна тема беше презентацијата на интероперабилноста на софтверот на Microsoft со отворениот и слободен софтвер во хетерогени IT-средини. Повеќе за презентацијата, како и интервју со господин Андреас Берт ќе можете да прочитате во следниот број на Click.

## Промоција на новите Macbook и iLife во „Дуна"

„Дуна компјутери" на 12.02.2009, во просториите на Duna Apple Store во ГТЦ I кат, одржа промоција на новите модели на Apple - MacBook и MacBook Pro.

Apple ја претстави новата линија на MacBook и MacBook Pro, со што повторно го редефинираше поимот дизајн на notebook. Новите модели се изработени од единствено парче алуминиум во совршено unibody, што резултира во потенок, поиздржлив и неверојатно убав дизајн. Воедно, секој член на фамилијата MacBook има нова NVIDIA-графика, LED-backlit екран и простран стаклен Multi-Touch trackpad. На промоцијата беа претставени и новите софтверски решенија iLife '09 и iWork '09.





## Презентација на „Инфо-код" во „Александар палас"



На 05.02.2009 „Инфо-код Македонија", членка на групацијата „Инфо-код" имаше презентација во хотелот „Александар палас".

Целта на презентацијата беше да се претстават брендовите на фирмите-партнери што ќе ги застапува фирмата на територијата на Македонија, Албанија и Косово.

Во презентацијата учествуваа: за GS1 Македонија – Слаѓана Милутиновиќ (CEO), за Моторола (Symbol) – Зоран Симиќ (Регионален менаџер), ZEBRA – Арпад Халацс (Area Sales Manager), за EuroPlus – Денис Стојаноски (Sales Executive).

Сите бренд-партнери на „Инфо-код"првпат во Македонија ги претставија своите брендови и притоа дадоа краток осврт на долгогодишната соработка со групацијата „Инфо-код", како и на плановите за идната соработка со „Инфо-код Македонија".

